**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2026 година**

**Скопје, јануари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2026 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваа и Наташа Стојановска, државен советник во Секретаријатот за законодавство и Снежана Наџаковска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт и д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јануари 2026 година

1. Информација за донесување на методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ

2. Барање за склучување на Анекс број 11 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S., како референтен оператор, со текст на Анекс на договор

3. Барање за давање согласност на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година, со Предлог-одлука

4. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2024 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината, која завршува на 31 декември 2024 година, со предлог-одлуки

5. Информација за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година, со дополнувањето и со предлог-одлуки

6. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба (на ул. Вуковарска бр.7 влез 2, кат 3, стан бр.19, Имотен лист бр.7780, на КП бр.2680, за КО Чаир)

7. Информација за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Извештај на независниот ревизор, со дополнувања и Предлог-одлука

8. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.2024 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнувања и Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за 2024 година

10. Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2025 година и на Финансиските извештаи за 2025 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2025 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2025 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

11. Годишна сметка на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија за 2024 година, Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија за 2024 година и Извештајот на Надзорниот одбор за контрола над управувањето на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија во 2024 година, со Предлог-одлука

12. Информација со предлог за отпуштање на долг до 5.000 денари кај кредитната линија од Фондот за микро и мали претпријатија (Ковид 3 кредитна линија)

13. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (моторни возила)

14. Полугодишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година

15. Информација во врска со одржаниот координативен состанок и утврдување на потребните активности кои треба да се преземат за целосно функционирање на Фондот за енергетска ефикасност, по основ на Мислењето од точка 20 од Четириесет и седмата седница на Генералниот колегиум на државни секретари

16. Информација за потребата од потпишување на Супсидијарниот договор помеѓу Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија, со усогласен текст на Супсидијарниот договор

17. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова–КфВ по Договорот за заем за финансирање на проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија, фаза 2, по скратена постапка

18. Предлогот на закон за климатска акција (*)

19. Информација во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс бр.6 на Договорот

20. Информација во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ Соул електрани“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, со текст на Анекс бр.8 на Договорот

21. Информација во врска со Барањето на концесионерот „Енерго-Виа“ ДООЕЛ Желино за продолжување на рокот за изградба на МХЕЦ Орашје 1, со текст на Анекс бр.1 на Договорот

22. Информација со податоци за сите доставени барања за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малите хидроелектрични централи врз основа на утврден застој, кога застојот не е предизвикан по вина на концесионерот

23. Информација за формирање на нов Совет за заштита на потрошувачите, со Предлог-решение и предлог-одлуки

24. Информација во врска со Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот „Поле“, с. Бешиште, Општина Прилеп

25. Информација во врска со Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–метални минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип

26. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани

27. Информација во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Гроот”, Општина Велес

28. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардак“, с. Мали Влај, Општина Струга

29. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на техногена минерална суровина на локалитетот „с Радуша“, Општина Сарај

30. Информација во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Ребре Лочки“, с.Црквино, Општина Велес

31. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – травертин на локалитетот „Рафче“, Општина Сарај и Општина Ѓорче Петров

32. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Облец“, Општина Дебарца

33. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–антимон на локалитетот ,,Лојане“, Општина Липково

34. Информација во врска со Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина – андезит на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци

35. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот ,,с.Бешиште“, Општина Прилеп

36. Информација во врска со иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – травертин на локалитетот ,,Матка“, Општина Сарај

37. Информација во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на техногена минерална суровина на локалитетот „с.Тајмиште“, Општина Кичево

38. Информација во врска со Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – травертин на локалитетот „Свиларе“, с.Свиларе, Општина Сарај

39. Информација во врска со Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина – гипс на локалитетот „Клакој“, Општина Дебар и Општина Центар Жупа

40. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина — металични минерални суровини на локалитетот „Турско Рударе“, Општина Пробиштип, Општина Кочани и Општина Чешиново-Облешево

41. Информација во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина, лапор и песок на локалитетот „Три Цуцки“, Општина Градско

42. Информација во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - металични минерални суровини, на локалитетот „Боровиќ 2“, Општина Кратово

43. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на металичните минерални суровини на локалитетот „Боровиќ 5“, Општина Кратово

44. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука“, с.Дебреште, Општина Долнени

45. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – травертин на локалитетот „Милеви Ниви 1“, Општина Прилеп

46. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Дреновски Колиби“, Општина Велес

47. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на металичните минерални суровини Cu-Au-Mo-Pb-Zn-Ag на локалитетот „Боровиќ 1“, Општина Кратово, со Предлог – одлука

48. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на металичните минерални суровини Cu-Au-Mo-Pb-Zn-Ag на локалитетот „Боровиќ 3“, Општина Кратово, со Предлог – одлука

49. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на металичните минерални суровини – Cu-Au-Mo-Pb-Zn-Ag на локалитетот „Боровиќ 7“, Општина Кратово

50. Предлог на закон за јавното обвинителство

51. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2026 година

52. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2026 година

53. Иницијатива поднесена од Друштвото за лов и одгледување на дивеч Волф ДООЕЛ експорт-импорт Евла Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.131/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 4 став 1 точка 27, член 27 став 7, член 38 став 7 и став 8, член 63 став 1 и став 4 и член 85 став 1, алинеја 13 и став 2 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/23, 170/24 и 132/25)

54. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3248, за КО Глуво Бразда, на КП бр.1498, викано место/улица „Штитине“

55. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.784, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.458/2, викано место/улица „Поле“

56. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.723, за КО Бардовци, на КП бр.620, викано место/улица „Визбеговска Јурија“

57. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за третото тримесечје, за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година

58. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2024 година

59. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за периодот од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година

60. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и Кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензациските фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), заклучно со 30.6.2025 година

61. Информација за наплатата по активирани гаранции и за ефектите од наплатата од Гарантниот фонд

62. Информација за статусот на организирање на Фондот за енергетска ефикасност како посебна организациона единица во Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

63. Годишен извештај за работењето на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје во 2024 година, со дополнување

64. Кадровски прашања

65. Прашања и предлози

66. Предлог – решение за изменување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

67. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за размена на искуства во областа на развојот и модернизација на Владата, со усогласен текст на Меморандум

68. Информација за формирање на работна група за изработка на упатство за оправдани инвестициски трошоци

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јануари 2026 година.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за донесување на методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ за наредната седница на Владата.

**Точка 2**

Владата го разгледа Барањето за склучување на Анекс број 11 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S., како референтен оператор, со текст на Анекс на договор и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс број 11 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S., како референтен оператор.

2. Го овласти Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да го потпише Анекс број 11 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S., како референтен оператор, во име на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата по Барањето за давање согласност на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга, како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2024 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината, која завршува на 31 декември 2024 година, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за начинот на покривање на загубата прикажана по Годишната сметка на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2024 година.

Истовремено, Владата му укажува на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, да подготви и во рок од 30 дена, до Владата да достави информација за преземените мерки во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година, со дополнувањето и со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Шеваљ Цеку - извршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2024 година до 17.9.2024 година).

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Јасна Оровчанец - Аранѓеловиќ – претседател на Одборот на директори за период од 1.1.2024 година до 17.9.2024 година).

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Сања Цековска - неизвршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2024 година до 17.9.2024 година).

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Доган Тахир- неизвршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2024 година до 17.9.2024 година).

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Сандра Стаменковска - неизвршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2024 година до 17.9.2024 година).

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Јован Лукаров - неизвршен член на Одборот на директори за период од 17.9.2024 година до 26.9.2024 година, а извршен член на Одборот на директори за период од 26.9.2024 година до 31.12.2024 година).

8. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Александар Митровски – неизвршен член на Одборот на директори за период од 17.9.2024 година до 26.9.2024 година, а претседател на Одборот на директори за период од 26.9.2024 година до 31.12.2024 година).

9. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Нехас Абдула - независен неизвршен член на Одборот на директори за период од 17.9.2024 година до 31.12.2024 година).

10. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Лоран Страшевски - неизвршен член на Одборот на директори за период од 17.9.2024 година до 31.12.2024 година).

11. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2024 година (Валбурга Батева Николоска - неизвршен член на Одборот на директори за период од 17.9.2024 година до 31.12.2024 година).

**Точка 6**

Владата ги донесе:

1. . Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (на ул. Вуковарска бр.7 влез 2, кат 3, стан бр.19, Имотен лист бр.7780, на КП бр.2680, за КО Чаир).

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Извештај на независниот ревизор, со дополнувања и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

Истовремено, Владата укажува на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, во рок од 30 дена, до Владата, да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.2024 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнувања и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за 2024 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2025 година и на Финансиските извештаи за 2025 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2025 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2025 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2025 година и на Финансиските извештаи за 2025 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2025 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2025 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2025 година.

Истовремено, се задолжува Министерството за економија и труд, да подготви и во рок од 30 дена, до Владата да достави соодветни изменувања на Законот за трговските друштва, во насока изборот на овластениот ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, за кои Владата во својство на Собрание на акционери одлучува, да не биде предмет на разгледување и одлучување на Владата.

**Точка 11**

Владата ги разгледа Годишната сметка на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија за 2024 година, Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија за 2024 година и Извештајот на Надзорниот одбор за контрола над управувањето на Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија во 2024 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје за 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за отпуштање на долг до 5.000 денари кај кредитната линија од Фондот за микро и мали претпријатија (Ковид 3 кредитна линија), ја усвои Информацијата и го овласти министерот за финансии, во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија, да склучи анекс кон Договорот за администрирање на фонд за микро и мали претпријатија.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (моторни возила).

**Точка 14**

Владата го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржаниот координативен состанок и утврдување на потребните активности кои треба да се преземат за целосно функционирање на Фондот за енергетска ефикасност, по основ на Мислењето од точка 20 од Четириесет и седмата седница на Генералниот колегиум на државни секретари, како материјал за информирање.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Супсидијарниот договор помеѓу Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија, со усогласен текст на Супсидијарниот договор и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство, ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Супсидијарниот договор помеѓу Република Северна Македонија - Министерство за финансии во име на Владата на Северна Македонија и Развојна банка на Северна Македонија, во рамки на Договорот за заем за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (9038-МК).

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии да го потпише Супсидијарниот договор помеѓу Република Северна Македонија - Министерство за финансии во име на Владата на Северна Македонија и Развојна банка на Северна Македонија, во рамки на Договорот за заем за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (9038-МК).

Истовремено, Владата по повод укажувањето од м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, заклучи Министерството за економија и труд да номинира член во Комитетот за енергетска ефикасност.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова–КфВ по Договорот за заем за финансирање на проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија, фаза 2, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за климатска акција (*) и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, во делот на воведот и образложението, да се усогласи со Министерството за финансии.

2. Предлагачот да ги усогласи кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство, а притоа Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да се вклучи при подготовка на истите.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, усогласениот текст на Предлог на закон за климатска акција (*) да го достави до Европската комисија.

4. По добивањето на одговор од Европската комисија, пречистениот текст на Предлогот на закон за климатска акција (*), согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник д-р Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторни планирање.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс бр.6 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2, бр.11-2171/1 од 27.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.9.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор енерги ДОО Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, најмалку до 2.11.2026 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ Соул електрани“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, со текст на Анекс бр.8 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, 11-4176/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 4.5.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „РДЛ Соул електрани" ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската

гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Орешка со реф. бр.308, најмалку до 2.7.2026 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „Енерго-Виа“ ДООЕЛ Желино за продолжување на рокот за изградба на МХЕЦ Орашје 1, со текст на Анекс бр.1 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Орашје 1, бр.15-4506/1 од 13.9.2021 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 13.12.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Енерго-Виа“ ДООЕЛ Желино да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи Орашје 1, најмалку до 11.2.2027 година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата со податоци за сите доставени барања за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малите хидроелектрични централи врз основа на утврден застој, кога застојот не е предизвикан по вина на концесионерот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, по претходно доставен предлог од Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор на начинот на вршење на концесиска дејност, за утврден застој кој не е по вина на концесионерот, да склучува анекси на договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа, за следните договори:

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361, заведен под бр.11-2436/1 од 11.4.2018 година, на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Мраморечка, бр.11-2779/1 од 27.4.2018 година, на концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орашје 1, бр.15-4506/1 од 13.9.2021 година, на концесионерот Енерго-Виа ДООЕЛ Желино;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр.143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ

Маркова со реф.бр.145, со бр.02-5784/1 од 1.7.2015 година, на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр.250, бр.11-795/1 од 30.1.2018 година, на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф.бр.308, бр.11-4176/1 од 4.5.2015 година, на концесионерот РДЛ Соул ДОО Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр.7, бр.11-434/1 од 7.5.2015 година, на концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр.11-2171/1 од 27.3.2018 година, на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр.11-2357/1 од 4.4.2018 година, на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр.11-2142/1 од 26.3.2018 година, на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Караниколос, бр.11-692/1 од 25.1.2018 година, на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска, бр.15-4525/1 од 13.9.2021 година, на концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Баров Дол и МХЕЦ Папрад, со бр. 02-2794/1 од 5.4.2022 година, на концесионерот Хидро Дошница ДОО Скопје;

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Бачишка 3, бр.15-667/1 од 25.1.2023 година, на концесионерот Потам плант ДООЕЛ Букојчани Кичево и

-Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, бр.11-4342/ 1 од 7.5.2015 година, на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, како концедент, на секои три месеци да ја информира Владата, за склучените анекси на договорите за концесија со кои е продолжен рокот за изградба и почеток на комерцијално работење на малите хидроелектрични централи, наведени во Заклучокот бр. 1.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на нов Совет за заштита на потрошувачите, со Предлог-решение и предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го донесе Решението за именување на членови на Советот за заштита на потрошувачите.

2. Ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот за учество во работата на Советот за заштита на потрошувачите.

3. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачите.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот „Поле“, с. Беширште, Општина Прилеп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот „Поле“, с. Беширште, Општина Прилеп.

2. Се задолжува Министерството за транспорт – Сектор за патен сообраќај и инфраструктура во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот „Поле“, с. Беширште, Општина Прилеп.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина–Сектор за води, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за шумарство и ловство, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип.

4. Се задолжува Министерството за транспорт–Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина – Сектор за води, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани.

3. Се задолжува Министерството за транспорт – Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам – Управа за заштита на културното наследство, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани.

5. Се укажува на Општина Студеничани, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пагаруша“, Општина Студеничани.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот

,,Гроот”, Општина Велес, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и Сектор за шумарство, Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура и Општина Велес, во рок од три дена да дадат мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот ,,Гроот”, Општина Велес.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардак“, с. Мали Влај, Општина Струга, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт – Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардак“ с. Мали Влај, Општина Струга.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на техногена минерална суровина на локалитетот „с Радуша“, Општина Сарај, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за шумарство и ловство, Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за води, Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, Министерството за култура и туризам - Управа за заштита на културното наследство, во рок од три дена да дадат мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на техногена минерална суровина на локалитетот „с Радуша”, Општина Сарај.

**Точка 30**

